Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 09.07.2021

На 08.07.2021 околу 21.00 часот во СВР Охрид е приведен С.С.(22) од Скопје, бидејќи кај него, при преглед извршен на кој „Македонија" во Охрид, пронајдена е марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.07.2021 на подрачјето на СВР Тетово, со т.н. „ноќен радар", била спроведена акциска контрола на брзината со кој се движат возилата надвор од населено место, при што биле откриени и санкционирани вкупно 11 (ТЕ) пречекорувања на максимално дозволената брзина, од кои 1 за повеќе од 70 километри на час, а 7 за 50 до 70 километри на час повеќе од дозволеното. Исто така, санкционирани се и 35 пречекорувања на брзината во населено место (ТЕ-27 и ГВ-8), од кои 5 (ТЕ) за повеќе од 50 километри на час. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и со времено одземање на возачките дозволи до една година. Во акцијата санкционирани се и 4 други видови прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-1).

На 08.07.2021 околу 22.20 часот на регионалниот пат Маврови Анови-Дебар, во месноста „Сенечки ливади", полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги привеле А.Ч.(29) и 17-годишник, двајцата од Република Албанија, кои илегално влегле во нашата земја, непријавено престојувале и не поседувале документи за идентификација. По приведувањето, албанските државјани се предадени во Полициската станица Дебар за натамошна постапка.

СВР Струмица на 08.07.2021 преземе засилени мерки за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената, со употреба на ноќен радар. Притоа биле констатирани 16 прекршоци, од кои еден возач бил санкциониран поради управување со возило со брзина помогу 50 и 70 километри на час над дозволената. Констатираните прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 08.07.2021 во 20.00 часот било пријавено дека во Скопје, на ул.„Кирил и Методиј" патничко возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.М.(29) од Скопје, удрило во В.Ѓ.(61) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила В.Ѓ., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР-Скопје.

На 08.07.2021 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 18 прекршоци. На сите им биле изготвени соодветни поднесоци. Изречени биле и 14 мерки за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 5 за управување возило под дејство на алкохол, 48 мерки за управување возило со брзина поголема од пропишаната, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 2 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли.

На 08.07.2021 во 19.20 часот на крстосницата од ул.„1" и ул.„5" во с.Љубин, скопско, патничко возило „даеву", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.К.(22) од с.Љубин, удрило во велосипед управуван од малолетничка од с.Сарај, скопско. Во незгодата таа се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.07.2021 во 16.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.С.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„840" била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (08.07/09.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, во однос на мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 34 прекршоци.

На 08.07.2021 во 09.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.В.(35) од Скопје пријавил дека во населбата Хиподром, во близина на пешачкиот мост, бил каснат од куче скитник.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки матери", ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.Б.(73) од Кичево. При претрес извршен на 23.04.2021, полициски службеници пронајдоа и одземаа еден револвер „нагант" калибар 7,62 милиметри и 14 куршуми, што нелегално ги поседувал.

На 08.07.2021 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Т.(62) и П.А.(36), двете од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 ЗПППРМ.

На 08.07.2021 Одделението за внатрешни работи Кавадарци до Основното јавно обвинителство Кавадарци поднесе кривична пријава против Р.А.(20) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „разбојништво". Тој на 29.06.2021 во Кавадарци физички нападнал 72-годишна жена и со употреба на сила ѝ го одзел паричникот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.Ш. (22) од с.Студеничани, скопско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 01.07.2021 околу 13.45 часот во Штип од полициски службеници од Полициска станица Велес во патничкото возило „мерцедес" во кое бил пријавениот, биле пронајдени осум мигранти од Бангладеш, а пријавениот бил лишен од слобода.

На 08.07.2021 во 01.00 часот и во 02.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека Д.Н. (44) и Н.С.(23), двајцата од Скопје, пред хотел на подрачјето на Карпош биле физички нападнати од К.Л., кој притоа ги оштетил рампата и камерата на паркингот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2021 во село Ваксинце, на место викано „Рудничка колонија", по претходно добиени оперативни сознанија, од страна на полициски службеници од СВР Куманово биле пронајдени седум мигранти од Пакистан. Тие се предадени во Транзитен центар Табановце.

На 09.07.2021 во 01.00 часот во СВР Скопје, 18-годишна скопјанка пријавила дека на 08.07.2021, околу 15.00 часот и околу 20.30 часот, во семејниот дом на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, таа и нејзината 49-годишна мајка биле физички нападнати од нејзиниот брат М.С.(18), кој притоа со остар предмет им упатувал закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до надлежното Јавно обвинителство поднесе кривична пријава против полициските службеници Г.В. и С.С. вработени во Регионалниот центар за гранични работи Север, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување" по член 353 став 1 од Кривичниот законик. Пријавените кривичното дело го сториле на начин што откако државјанин на Република Северна Македонија бил депортиран од страна на косовските власти на граничниот премин Долно Блаце, поради илегално преминување на државната граница, веднаш по извршеното примопредавање лицето го ослободиле од службените простории, без да ги извршат потребните проверки и службените процедури и притоа да утврдат дека депортираното лице се барало преку потерница за претходно сторено кривично дело. Против лицата е поведена постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и истите се суспендирани од работните места.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Р.Ш.(30) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При претрес извршен во неговиот дом, полициски службеници пронајдоа и одземаа марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.Ц.(22) од Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.10.2020 во Куманово, од полициски службеници кај пријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Б.И. (50), Р.И.(48), Л.И.(18) и 16-годишник, сите државјани на Р.Германија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсисификување исправа". На 28.06.2021 на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", пријавените приложиле фалсификувани косовски негативни ПЦР тестови како вистински.

Поднесени се седум кривични пријави и тоа по две од СВР Велес и СВР Струмица и по една од СВР Битола, СВР Тетово и СВР Охрид, против 14 лица: Н.А.(35), М.К.(36) и И.С. (19), сите од Кавадарци; Ѓ.Ф (23) од с.Јосифово, валандовско, Р.П.(57) од с.Негорци, гевгелиско; Д.В.(30), Д.З.(27), С.И.(25), Д.Д.(19) од Прилеп; Е.Ф.(44), А.Ф.(40), С.И.(48) и Ш.Н.(44) сите од с.Бојане, скопско и Б.Н.(31) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторени 14 кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените во периодот од 01.04. до 13.06.2021, се движеле без дозвола за движење за време на забрана за движење поради прогласена пандемија на Ковид-19.

ОВР Гевгелија поднесе кривични пријави против М.Ш.(52) од Стар Дојран, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување", Т.А.(23) од Стар Дојран, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија" и „употреба на исправа со невистинита содржина" и правно лице од Богданци, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 30.03.2020 првопријавената, во својство на управител-овластено лице на правно лице од Богданци, ја искористила својата службена положба, така што направила дозвола за движење на вработен – второпријавената, поради вршење сменска и ноќна работа. Притоа, во дозволата првопријавената внела невистинити податоци, односно дека второпријавената била вработена како работник на бензинска станица во правното лице, иако тоа не било точно. Вака направената дозвола, второпријавената ја искористила како доказ во при контрола од полициски службеници, односно на 30.03.2021 во 23.40 часот во непосредна близина на бензинска пумпа во Нов Дојран изјавила дека поседува дозвола во период додека трела забрата за движење на населението и ја употребила како вистинита при достава до ОВР Гевгелија на 31.03.2021 година.

На 08.07.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје, С.К.(74) од Скопје пријавила дека во периодот од 12.00 до 14.00 часот во нас.Илинден, едно лице физички ја нападнало и ѝ одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет